***TAIEX програма (Услуги кои ги обезбедува TAIEX механизмот и приоритетни области за користење на услугите )***

Канцеларијата за размена на информации за техничка помош (TAIEX) претставува дел од Генералниот директорат “Проширување” на Европската комисија и нуди услуги во вид на краткотрајна техничка помош за приближување, имплементација и спроведување на правните акти, вклучувајќи ја потребната административна инфраструктура.

Основна функција на TAIEX е пренесување на искуството на службениците од земјите-членки на Европската унија, службите на Комисијата и другите релевантни органи на европско ниво во земјите кориснички.

TAIEX ги нуди следните хоризонтални и секторски услуги за пренесување и применување на законодавството на ЕУ:

1. Работилници за повеќе земји и работни групи во Брисел, земји-членки или земјите кандидати
2. Билатерални работилници во земјите - кориснички
3. Ангажирање на експерти од земјите-членки во земјите кориснички за краток период
4. Студиски престои на претставници на земјите кориснички во Европската комисија и во земјите членки
5. Помош за централната администрација
6. Помош на локално ниво/ локална програма за обуки
7. Помош во областа на Правда и внатрешни работи
8. Помош за Собранија и законодавни совети
9. Помош од областа на преведувањето и толкувањето
10. Бази на податоци

Приоритети за користење на услугите на TAIEX во Република Македонија претставуваат Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ.